Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер врз основа на член 21 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и Сл. весник на РСМ број 110/2019, 267/20, 151/21 и 288/21) и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ број 101/2019) на ден 26.09.2022 година, донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на 1 (еден) кандидат за вработување на определено време за период до 31.12.2022 година**

I.

Во врска со Јавниот оглас за вработување на 2 (два) извршители на определено време за период до 31.12.2022 година, објавен во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" на ден 14.09.2022 година, и на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, за пополнување на работното место:

1. **Советник за преводи на англиски јазик** во Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - 1 извршител, **се избира кандидатот Јасмина Велкова.**

II.

Именуваната ќе заснова работен однос на ден 01.10.2022 година, со склучување на договор за вработување.

III.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 14.09.2022 година беше распишан Јавен оглас, **за вработување на 2 (два) извршители на определено време за период до 31.12.2022 година, за работните места: Советник за преводи на англиски јазик** во Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - 1 извршител и **Помлад соработник за работа на проекти** во Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - 1 извршител.

Работната група формирана со Решение, број 04-427/13 од 16.09.2022 година, имаше задача да ги разгледа пристигнатите пријави по Јавниот оглас и да изготви Извештај за својата работа. Согласно Извештајот, заверен со број 04-427/14 од 22.09.2022 година, на Јавниот оглас се пријавени вкупно осум (8)

кандидати, од кои за работното место Советник за преводи на англиски јазик во Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација биле пријавени вкупно 3 (тројца) кандидати , а само кандидатот Јасмина Велкова ги исполнува условите наведени во Јавниот оглас број 1/2022.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Неизбраниот кандидат има право на судска заштита согласно Законот за работните односи.

**Директор**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 04-427/15
26.09 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Доставено до:
- кандидатите;
- песрсонално досие и
- Архива